ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 04.04.2011

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА БУЏЕТОТ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2011 ГОДИНА

Со ова образложение би сакале да ве известиме за планираните расходи на Фондот во 2011 година во согласност со усвоениот **Буџет на ФЗОМ за 2011 година во вкупен износ од 21,745 милиони денари.**

Усвоениот буџет на Фондот е до сега највисок износ определен за здравствено осигурување во Македонија, истиот изнесува околу 5% од БДП што претставува благо приближување кон европскиот просек (пораст од 2010 кога изнесуваше 4.7%). Во 2011 година, ФЗОМ планира значително повисок износ за здравствените услуги во износ од 19,1 милијарда денари, што е за 1,7 милијарда денари повеќе во однос на 2010 година.

По однос на структурата на учество на различни нивоа на здравствена заштита, распоредувањето на дополнителните средства е извршено рамномерно по нивоата здравствена заштита и соодветно соодносот останува сличен со 2010 година, односно 27% од средствата за сите здравствени услуги се обезбедени за примарна здравствена заштита, 30% од средствата за специјалистичко консултативна и 37% за болничка здравствена заштита.

## А. Здравствени услуги

### Примарна здравствена заштита во ПЗУ:

Во примарната здравствена заштита средствата се испланирани средства во согласност со очекуваното зголемување на бројот на пријавени осигурени лица и поголем бројот на оние осигуреници кои допрва треба да одберат свој **матичен лекар**, како и покачувањето на капитациониот бод на 50 денари од 45 денари во претходната година. така дополнителни 28 милиони се планираат за матични лекари, односно во 2011 година ФЗОМ планираат вкупно 1.750 милиони за општи матични лекари, 500 милиони за матични стоматолози и 180 милиони за матични гинеколози.

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

По однос на **обезбедување на лекови на рецепт во аптеките**, во 2011 година, ФЗОМ обезбедува дополнителни 300 милиони денари, односно 2.300 милиони денари со што планира да постигне две цели, една е зголемување на квотите во аптеките и соодветно поголема достапност на лекарствата, а втора е обезбедување на дополнителни средства за планираното ширење на примарната позитивна листа, односно префрлување на дел од лековите од болничката на примарната листа. Во споредба со 2010 година, во 2011 година вкупно 740 аптеки доставија понуди за склучување на договор, од кои 52 аптеки по прв пат склучуваат договор со ФЗОМ, што е значително зголемување во однос на 2010 година. Испланираниот износ на средства се распределува согласно основните критериумите: број на тимови и број на реализирани рецепти.

**Специјалистичко консултативна здравствена заштита во ПЗУ:**

Бројот на приватни здравствени установи кои склучуваат договори за овој вид на здравствена заштита е зголемен во изминатиот период во сите видови на специјалистичка дејност.

За **лабораториски услуги по упат на матичен лекар** договор склучија вкупно 110 лаборатории што е пораст за нови 11 лаборатории во однос на 2010 год, и за сите нив се обезбедени вкупно 128 милиони денари, што е за 33 милиони повеќе во однос на 2010 година. Имено, лабораториите по упат на матичен лекар до 2010 година беа вреднувани по системот на капитација заедно со матичните лекари. По укинувањето на одредбата во Законот за здравствено осигурување за обврска за склучување на договор со матичен лекар, овие лаборатории сега склучуваат договор со ФЗОМ и осигурениците сами можат да избираат во која лабораторија сакаат да ги направат услугите како што се крвна слика и уринарен статус од ЛУ1.

За **специјалистичко консултативни стоматолошки услуги** аплицираа вкупно 194 приватни здравствени установи што е пораст за нови 10 установи во однос на 2010 год, од кои 42 за орална хирургија, 76 за ортодонција и 76 за протетика. Во сите 194 приватни стоматолошки се ангажирани вкупно 252 тима. За склучување на договори со нив ФЗОМ обезбедил 274,2 милиони денари што е за околу 23 милиони повеќе во однос на 2010 година.

**Приватни здравствени установи кои вршат останати специјалистичко консултативни услуги** како што се очна дијагностика, интернистичка медицина, уво, нос и грло, рехабилитација и сл., во 2011 година бележат тренд на зголемување од 150 на 166 приватни здравствени установи во кои се ангажирани вкупно 188 тима. За овие ПЗУ Фондот издвојил вкупно 206 милиони денари што е за 36 милиони повеќе од 2010 година.

Дополнително ФЗОМ има добиено апликации за склучување на договор за **Ин витро - биомедицинско потпомогнато оплодување** од 6 приватни здравствени установи за кои има обезбедно глобален буџет за 2011 година во вкупен износ од потребни 80 милиони денари согласно

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

динамиката на добивање на нови барања. По истекот на периодот од 2 години кога повеќето брачни парови кои немаа можност да ја започнат постапката добија законска можност и првично големиот број на интервенции , по проекции на стручните лекари вкупната бројка на новите барања полека се стабилизира на околу 1000 нови барања на годишно ниво.

Следејќи го зголемувањето на бројот на пациентите коишто се на **хемодијализа** и хроничен проблем со недостиг на простор и опрема за згрижување на оваа ранлива група на осигуреници во Скопје, ФЗОМ во 2010 година склучи договор со прва приватна здравствена установа која нуди овие услуги во Македонија. Согласно дефинираните потреби, инциденцата на заболувањата и обезбедните просторни капацитети, ФЗОМ планира до крајот на 2011 година да обезбеди динамика на зголемување на бројот на пациенти на дијализа во приватната здравствена установа, од 77 на 100 во април и 120 почнувајќи од месец јули. За овие услуги ФЗОМ обезбедил вкупно 70,9 милиони денари.

Во однос на специјализираните испитувања коишто се извршуваат на **Македонската академија на науките и уметностите** како што се нови видови на услуги од дијагностика и генетски испитувања коишто им се неопходни на клиниките и болниците за соодветно третирање и лекување на пациентите, предвидено е зголемување на средствата на вкупно 15 милиони денари.

**Болничка здравствена заштита во ПЗУ:**

Само за **рехабилитација после лекување во бањите** ФЗОМ  обезбеди 67 милиони денари за 4 бањи, што е за 11 милиони денари повеќе во однос на 2010 година.

За **кардиоваскуларна хирургија**, и во 2011 година ФЗОМ склучи договор со двете приватни здравствени установи во Македонија. Во 2010 година покрај ПЗУ Филип 2 со која ФЗОМ има склучено договор веќе повеќе години, во средина на годината склучува договор и со новата приватна болница Систина за кардиоваскуларни операции.  Во 2011 година во двете установи се предвидени вкупно здравствени услуги од околу 685 милиони денари од коишто 70% се однесуваат на операции на отворено срце, а 30% за васкуларните интервенции.  Во текот на година се очекува во двете установи да започнат да обезбедуваат и кардио операции за деца, со возраст над 1 година, со што ќе се овозможи лекување на овие пациенти во Македонија и намалување на лекување во странство по овој основ. Конечно не само што ќе се обезбеди поголем број на достапни услуги во Македонија, туку и ќе се намали трошокот за партиципација на граѓаните, бидејќи и за нив ќе важат локалните стандарди за пресметка на партицапија со ограничен максимален износ, којшто во моментов изнесува 6,000 денари.

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Оваа година, ФЗОМ по прв пат склучува договори со две приватни офталмолошки здравствени установи за здравствени услуги од областа на **очна хирургија**, со вкупна вредност од 40 милиони денари. Во двете установи ќе се обезбедуваат услуги кои до сега се изведувале само преку лекување во странство поради недоволниот капацитет во Македонија. Соодветно, во најголем дел ќе бидат застапени услугите за кои пациентите патуваа во други држави, како што се витректомија, аблација, замена на силиконско масло и кератопластика, меѓутоа покрај нив и помал обем ќе се изведуваат и останати услуги како што е процедури на леќа и катаракта.

**Финансирање на ЈЗУ во 2011 година**

**Во ЈЗУ се испланирани вкупно 12,3 милијарди денари што е за 1 милијарда повеќе во однос на 2010 година.** Вкупно доделените средства вклучуваат зголемувања во јавното здравство по основ на износот на фактурираните услуги во изминатата година ( а дополнително на ова финансико зајакнување е и централизацијата за набавката на инсулини од страна на Министерството за здравство во вредност од 500 мил денари, а вон буџетот на ФЗОМ и ЈЗУ), како и по основ на воведување на неколку дополнителни критериуми при определување на надоместокот во јавното здравство.

Започнувајќи од 1 април 2011 година ФЗОМ почува да користи два дополнителни критериуми при распоредување на средствата: **додаток за терциерна дејност во износ од најмногу 10% и додаток за институциите кои се специјализирани за лекување деца и психијатрија за акутни болни пациенти кои што се водат по ДСГ методологија од најмногу 25%.** Додатокот за терциер се обезбедува со цел да се обезбедат дополнителни средства за високо специјализирана научна дејност како и признавање на зголемени трошоци за третирање на покомплексни заболувања во клиниките во споредба со другите здравствени установи во Македонија. **Овој додаток изнесува околу 126 милиони за период од април од декември 2011**. Вториот додаток за специјализирани установи е воведен како начин на дополнително финансирање за овие два вида на специјализирани установи кои секогаш вршат дополнителни иследувања и услуги поради својата специфична дејност и имаат повисоки трошоци за лекување на своите пациенти. **За оваа специфика се определени околу 68 милиони денари за период од април до декември 2011.** Со надополнувања по овие неколку критериуми се очекува најголем дел од клиниките да го зголемат обемот на своето работење како и да покријат повеќе хируршки интервенции, почнувајќи од абдоминална, до ортопедска и васкуларна хирургија, како и повеќе интернистички услуги, вклучително и примена на современа терапија за лекување при изведување на овие услуги. На годишни ниво, износот предвиден за клиниките е зголемен на 4,3 милијарди**, што е за 370 милиони денари повеќе од 2010 година**.

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Во текот на 2011 Владата на Р.Македонија ќе обезбеди дополнителна опрема за нега и лекување во јавното здравство со што ќе се обезбедат посовремени услуги, меѓутоа исто така и зголемување и на видот и на обемот на услугите во ЈЗУ. Соодветно во наредниот период се очекува зголемување на обемот на дијагностика, проширување на обемот на сегашните услуги и воведување на нови услуги.

**Со ново набавените апарати, подобра организација како и воведување на протоколи и клинички патеки се очекува зголемување на услугите како што се:**

- трансплантации на органи
- изведување на фако метода при лекување на очни болести,
- подобра снабденост на лекови во болниците.
- целосна централизација на трансфузиологија во набавката на коагулативните фактори во Институтот за трансфузиона медицина и нивната редовна и навремена дистрибуција низ околу 20 центри во Македонија (односно финансико релаксирање на боницие и за оваа здравствена услуга, бидејќи истата се концентрира во една институција),
- зголемени услуги во новата Градска болница 8-ми септември која е формирана во 2010 година и којашто од почетното ниво од 260 милиони денари се зголемува на 580 милиони во 2011,
- обезбедување на подобра терапија и лекување на онколошки болести.

Во однос на примарна здравствена заштита во јавните здравствени установи, **се предвидува определено стабилизирање на Здравствените домови со воведување на нови примарни пакети** искажани по месечно ангажирани тимови на лекари за обезбедување на здравствените услуги од областа на превентивна здравствена помош, итна помош, вакцинација, советување и домашна посета. Вкупните средства определени за **здравствените домови** изнесуваат исто како и во 2010 година вкупно 2,1 милијарда денари.

**Центрите за јавно здравје** во Македонија изведуваат голем број на специјалистичките услуги особено од областа на лабораториската дејност. Во 2011 година, ФЗОМ предвидува зголемување на нивните средства во износ од 182 милиони денари, што е за 54 милиони повеќе во однос на 2010 година. **Заедно со институтите** (Медицина на труд, Медицински факултет и Институт за трансфузиона медицина) нивниот надоместок на годишно ниво изнесува 591 милиони, што е за 190 милиони повеќе од 2010.

**Во специјалните болници** Фондот ќе обезбеди 1,5 милијарди денари што е за 127 милиони повеќе во однос на 2010 година, од кои 64 милиони се однесуваат на психијатриските болници.

**Во општите болници** се обезбедени дополнителни 387 милиони денари, односно нивниот вкупен надоместок е 3,8 милијарди во 2011 година. Да се потсети дека дополнително олеснување за работењето на болниците и некои здравствени домови е централизацијата за набавка и

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

финансирање на инсулините вон нивните буџети, како и олеснување на болниците за факторите за коагулација, чија надлежносте целосно под капата на Инситутот за трансфузиологија (како и финансирање на одделенијата за трансфузија кои до 2011 год припаѓаа на болниците).

**Б. Лекување во странство**

Во 2011 година планирани се средства во износ од 150 милиони денари, што е благо намалување во однос на 2010 година кога овие услуги изнесуваа 180 милиони денари. Износот е намален поради планот за изведување на голем дел на услугите во Македонија со што ќе им се овозможи на осигурениците полесно да дојдат до неопходното лекување и нега и со намалени трошоци (очни интервенции и детска кардиохирургија).

**В. Ортопедски помагала и рефундации**

Во делот на ортопедските помагала и рефундации ФЗОМ планира околу 550 милиони денари, што е блиску до износот за овие две ставки во 2010 година. Истовремено, Фондот очекува со примена на новиот Правилник за ортопедски помагала структурата на издадените помагала треба да се подобри во однос на издавање на вистински неопходни и поквалитетни помагала.

**Г. Социјални надоместоци**

Во структурата на буџетот на ФЗОМ предвидени се 2.000 милиони денари за оваа намена. Во социјалните надоместоци влегуваат надоместокот за боледување, за породилно отсуство и надоместоци за патни трошоци. Анализирани поединечно надоместоците најголемо зголемување и во износ и во број на доделени права забележуваат надоместоците за боледување. Истовремено, Фондот ја подобри процедурата за издавање и регулирање на боледувањата, со што ја намали администрацијата на фирмата и обезбеди полесен пристап во остварување на ова право.

**Д. Функционални расходи**

Овие расходи се утврдени на ниво од 498 милиони денари или 2,3% од вкупниот буџет на ФЗОМ и истите се сведени на ниво неопходно за континуирано нормално функционирање на службите на ФЗОМ. Во утврдениот износ вклучени се и 30 милиони денари предвидени за капитални инвестиции во областа на информатиката, односно за централизација на базите на податоци како составен дел на проектот за централизација на здравството – ИЗИС. Централизацијата на податоците е предуслов за воведување на здравствената картичка.